РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА
Бр. 04- 04-2795/9 12-12-2025

Врз основа на член 52 став (1) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/19, 14/20, 215/21, 99/22, 208/24 и 210/24), генералниот секретар на Агенцијата за администрација, донесе

# О Д Л У К А

**за избор на еден (1) извршител кандидат за административен службеник по пат на Интерен оглас број 04/2025 за пополнување на работно место со унапредување**

1. За извршител на **работно место раководител на Одделение за нормативно-правни работи и соработка со институциите во јавниот сектор во Сектор за правни работи,** во Агенцијата за администрација се избира кандидатот **Сања Каровска.**
2. Именуваната ќе биде унапредена на работното место од точка 1 на оваа одлука, по конечноста на истата, за што Агенцијата ќе донесе посебно решение за унапредување и распоредување.
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Комисијата за селекција за унапредување по интерен оглас формирана со Решение број 04-2795/6 од 05.12.2025 година, ја спроведе постапката за селекција за унапредување на административен службеник за извршување на работните задачи од точка 1 на оваа одлука, а по интерниот оглас број 04/2025 за унапредување на административен службеник објавен на 03.12.2025 година на интернет – страната на Агенцијата за администрација, на ден 10.12.2025 година спроведе административна селекција и на ден 11.12.2025 година спроведе интервју за наведеното работно место.

По спроведената административна селекција, интервју и извршеното бодување, Комисијата изготви Записник од административна селекција број 04-2795/7 од 10.12.2025 година и Записник од спроведеното интервју со финална ранг – листа на кандидати од двете фази на селекција и предлог – одлука за вработување број 04- 2795/8 од 11.12.2025 година.

Врз основа на финалната ранг – листа на кандидати од двете фази на селекција и предлог – одлуката за вработување, генералниот секретар на Агенцијата за администрација донесе одлука како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова решение може да се поднесе жалба преку Агенцијата за администрација до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во рок од 8 дена од денот на приемот на решението.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР,
АНДРИЈАНА ЈАНКУЛОВСКА АНГЕЛОВСКА

Изработил: м-р Анета Димовска
Контролирал: Неда Даниловска
Согласен: Агрон Сефери
Доставено до:
-Избраниот кандидат;
-Сектор за селекција на кандидати за вработување;
-Одделение за управување со човечки ресурси; и
-Архива.